РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ
Бр. 03-1499/1
17-03- 2016 година
С к о п ј е

Врз основа на член 20 став 1 алинеја 6, член 23 став 1 алинеја 4 и член 85 став 1 алинеја 4 и став 2 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија", бр.184/13, 13/14, 44/14, 101/14 и 132/14), а согласно член 10 став 5 и член 39 став 1 алинеја 6 од Деловникот за работа на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги бр.01-4351/1 од 29.08.2014 година и Одлуката Уп1 бр.08-61 од 07.03.2016 година за одземање на дозволата за телевизиско емитување на Радиодифузното друштво СКАЈ НЕТ Манчев ДОО Скопје, Директорот на Агенцијата го донесе следното:

**Решение**
**за бришење од регистарот на радиодифузери**

1. СЕ БРИШЕ од регистарот на радиодифузери, Радиодифузното друштво СКАЈ НЕТ Манчев ДОО Скопје.

2. Ова решение влегува во сила веднаш.

**О б р а з л о ж е н и е**

Согласно член 85 став 1 алинеја 4 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија", бр.184/13, 13/14, 44/14, 101/14 и 132/14), дозволата за телевизиско или радио емитување престанува да важи по сила на закон и со одземање на дозволата од страна на Агенцијата.

Советот на Агенцијата на 10-та седница одржана на 29.02.2016 година, согласно со Заклучок бр.02-1148/14 од 07.03.2016 година, донесе Одлука Уп 1 бр.08-61 од 07.03.2016 година, со која ја одзеде дозволата за телевизиско емитување на Радиодифузно друштво СКАЈ НЕТ Манчев ДОО Скопје, бр.08-12 од 05.01.2016 година, пред истекот на рокот за којшто е издадена дозволата, поради тоа што имателот на дозволата не ја исполни обврската од член 80 став 5 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, односно не го плати надоместокот за дозволата за телевизиско емитување во законски утврдениот рок, врз основа на што РД СКАЈ НЕТ Манчев ДОО Скопје, се брише од регистарот на радиодифузери.

Следствено на наведеното, а врз основа на член 20 став 1 алинеја 6, член 23 став 1 алинеја 4 и член 85 став 1 алинеја 4 и став 2 од истиот член од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија", бр.184/13, 13/14, 44/14, 101/14 и 132/14), а согласно член 10 став 5 и член 39 став 1 алинеја 6 од Деловникот за работа на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги бр.01-4351/1 од 29.08.2014 година и Одлуката Уп1

бр.08-61 од 07.03.2016 година, за одземање на дозволата за телевизиско емитување на Радиодифузно друштво СКАЈ НЕТ Манчев ДОО Скопје, се донесе решение како во диспозитивот.

**Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги**
**Директор**

**д-р Зоран ТРАЈЧЕВСКИ**

**Упатство за правно средство:** Против ова решение може да се поднесе приговор до Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, во рок од 15 дена од денот на приемот на решението.

**Доставено до:**
- Секторот за информатичка подршка и општи работи - Архива;
- Секторот за правни и економско – финансиски работи;
- Назначеното лице во Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги за водење на Уписникот Уп 1;
- Радиодифузното друштво СКАЈ НЕТ Манчев ДОО Скопје;
- Агенција за електронски комуникации.